# МАТЕРИЈАЛИ

Александар АПОСТОЛОВ

## ПРЕДИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ИЗБОРИТЕ НА УСТАВОТВОРНАТА СКУПШТИНА НА КРАЛСТВОТО СХС И ТЕРОРОТ ВО ВРСКА СО ОВИЕ ИЗБОРИ ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА НИЗ НЕОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

### (По повод 60-годишнината од Вуковарскиот конгрес на КПЈ и изборите за Конституантата)

Прогресивните стремежи на југословенските народи за обединување и создавање своја прва политичка заедница формално се оствари|а по Првата светска империјалистичка војна со Прводекемврискиот акт од 1918 година. Името на новата држава—Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, односно нејзиното државно монархистичко устројство беше определено уште на крфските конференции и објавено во Крфската декларација во 1917 година од претставниците на српската радикална влада на чело со Никола Пашиќ и Југословенскиот одбор, на чело со претседателот Анте Трумбиќ.

Во изборите што ќе се одржат за конституирање на првите претставнички органи на власта во новата држава, прогресивните сили, пред сè КПЈ, ќе водат борба за такво устројство на оваа политичка заедница кое ќе одговара на интересите на народите што влегуваа во оваа заедница.

На првите непосредни избори што се одржаа за општински одборници во 1920 година КПЈ успешно стартуваше, иако сосема млада и без искуство во предизборните кампањи. И покрај бројните пречки и тешкотии што ѝ ги создаваа буржоаските партии и режимската полиција, како што е познато, КПЈ ги освои најголемите општини во Кралството, а во Вардарска Македонија освои четири општини.

Ваквиот успех на КПЈ на општинските избори ја вознемири југословенската буржоазија дотаму што во предизборната кампања за изборите на Уставотворната скупштина на Кралството СХС, што се одржаа на 28 ноември 1920 година, таа ги мобилизира сите свои сили, сиот државен апарат што

се наоѓаше во нејзини раце за да ја спречи КПЈ слободно да ја развие својата дејност во предизборните денови.

Познато е дека со чудовишна антикомунистичка пропаганда буржоазијата настојуваше да ја оцрни КПЈ пред народните маси. Во предизборната кампања месните полициски власти им забрануваа на сопствениците на јавните локали да им ги изнајмуваат на месните партиски организации за да одржуваат во нив предизборни собири. Една од најдрастичните мерки што ги применуваше режимот во предизборната кампања беше испраќањето на комунистите на воена вежба или на „Албанскиот фронт"[1]) за да ги лишат масите од организаторите и предводниците во оваа кампања. За ваквите груби истапи на радикално-демократската полиција често пишуваше социјалистичкиот печат, а особено „Социјалистичка зора", орган на комунистичката организација во Вардарска Македонија што излегуваше во 1920 година.

Изборите за Уставотворната скупштина беа мошне важни од повеќе аспекти. Избраните народни претставници требаше да изгласаат уставно-основен закон на новата држава". Со уставот требаше да се определат општествено-економските односи во државната заедница, нејзиното внатрешно устројство и другите важни компоненти од кои ќе зависи до кој степен се застапени демократските елементи во државата, односно во општеството воопшто. Од изборните резултати зависеше која политичка партија ќе дојде на власт, кои општествени сили ќе ги претставува таа партија и каков управен режим ќе воведе во државата.

Познато е дека во Кралството СХС во 1920 година постоеја околу 40 политички партии и дека 22 од нив истакнаа своја кандидатска листа за изборите. На КПЈ исто така ѝ беше одобрена кандидатска листа за овие мошне важни избори и таа се вклучи во предизборната кампања мошне успешно, иако против себе ги имаше сите други партии и официјалната државна администрација. КПЈ ги привлече масите со својата програма, во која беа поместени најпрогресивните и најприфатливите за масите социјални и политички решенија во идното општество за кое се бореше таа. Но и покрај тоа, пред КПЈ се испречија низа специфични тешкотии во Вардарска Македонија. Познато е дека КПЈ немаше сè уште правилен став спрема националното прашање воопшто, а спрема македонското посебно,

---

[1]) „Албански фронт" се именува во документите на III армиска област на бившата југословенска војска граничниот појас на Југославија спрема Албаинја кадешто имало чести борби меѓу единиците на војската до Кралството СХС и вооружените припадници на разни политички струења во Албанија, противници на политиката на Есад Паша, приврзаник на струјата на званична Србија. Овие борби траеле се до конечното утврдување на границата меѓу овие две соседни земји на конференцијата на амбасадорите на странските сили во Лондон 1921 г.

кое, пак, за македонскиот народ беше од животен интерес. Ваквата состојба се обидуваа и донекаде успеваа да ја искористат во некои делови од Македонија и кај дел од македонскиот народ неоврховистичките елементи од таканаречената автономистичка ВМРО на Тодор Александров и преку своите приврзаници да се замешаат во предизборната кампања. Исто така се знае дека тогаш во Вардарска Македонија сè уште имаше приличен број муслиманско население (Турци Албанци, Роми, Македонци), кој беше послушна маса на чифликсајбиите-бегови и аги и на своите духовници, кои го подгреваа верскиот фанатизам и ги одвраќаа овие маси од КПЈ. Ова успешно го спроведуваше и „Турската национална организација — Џемиет", која во сојуз со Радикалната партија исто така се вклучи во предизборната кампања, привлекувајќи ги муслиманите со пароли пригодни за нив. Како што ќе се види од некои документи што следат, кандидати за народни пратеници на листата на оваа организација во битолскиот изборен округ биле исклучиво муслимани-верски водачи, чифликсајбии и рентиери,[2]) против кои морале да се борат комунистичките агитатори и кандидати за народни пратеници.[3]) Како што веќе спомнавме, полицијата ги гонела комунистите и пред изборите, а особено по изборите, бидејќи КПЈ во Македонија добила најмногу гласови во споредба со другите партии.

За да ги совлада сите овие објективни и субјективни пречки и предрасуди, КПЈ беше принудена да испраќа во Македо-

---

[2]) На кандидатската листа на „Џемиет" се наоѓале овие лица: за Битолскиот округ:

1. Кенан Зија, рентиер од Битола,
2. Бекир Абдуловиќ оџа од Кичево,
3. Мунир Али ага, рентиер од Ресен,
4. Хамди Абдулкерим, хотелиер од Битола,
5. Осман Шабединовиќ, земјоделец од Царев Двор,
6. Мамуд Недин, рентиер од Прилеп,
7. Халил Хамди, рентиер од Битола,
8. Сеадин А. Ахмедовиќ, оџа од Црвивци,
9. Амед Абдула, рентиер од Битола

и 10. Амет Адем, рентиер од Битола.

[3]) На кандидатската листа на КПЈ за Битолски округ се наоѓале:

1. Ратко Жуниќ, учител од Битола,
2. Драгутин Бувкиќ, секрат на Сојузот на работниците на прехранбените продукти од Белград,
3. Михаило Ѓоргевиќ, седлар од Прилеп,
4. Панта Филиповиќ, берберин од Битола,
5. Чедомир Срекковиќ, општински деловодител од с. Барешани,
6. Коте Настовиќ, земјоделец од Караман,
7. Танасие Илиќ судски писар од Прилеп,
8. Љубиша Јаковљевиќ, магистер на фармации од Белград,
9. Антоние Грубишиќ, судски писар од Скопје,

и 10. Милоје Бориќ, наставник гимназије од Скопје.

Според: Статистички преглед избора народних посланика за Уставотворну скупштину Краљевине СХС, извршених на 28 новембра 1920 г. Издање Уставотворне скупштине, Београд 1921 (без пагинација).

нија свои подготвени агитатори дури од Белград, кои ќе умеат на најадекватен начин да им се приближат на широките народни маси, особено на припадниците на исламската верска организација. Тие ги демаскираа демагошките ветувања на противничките буржоаски партии, уверувајќи ги масите во искрената борба што ја води КПЈ во нивни интерес и дека тие треба да ја претставуваат основната општествена сила во општеството за кое се бори КПЈ.

Таков еден агитатор што го испрати Партијата од Белград беше Етем Булбуловиќ, студент по право на Загребскиот универзитет, инаку родум од Сараево. Тој, во соработка со битолската партиска организација, организирал предизборен собир на муслиманите од Битола, но бил обвинет за противдржавна дејност од страна на полицијата. Меѓу сведоците што го обвинувале Булбуловиќ бил и рентиерот од Битола Кенан Зија, кандидат за народен пратеник на овие избори и познат соработник со Радикалната партија и со дворот во кралска Југославија. Самиот факт дека како главен сведок полигијата го признава и главниот политички противник во оваа изборна кампања, речито зборува за неправилностите и неправдите што ги вршела полицијата спрема комунистите.

Булбуловиќ бил затворен врз основа на овие лажни сведочења. И на други места кандидатите за народни пратеници биле протерувани за да не организираат собири на избирачи.[4])

И покрај сите овие општи и специфични пречки на кои наидувала КПЈ во Вардарска Македонија, таа на изборите доби над 40.000 гласови и 15 пратенички места во Уставотворното собрание на Кралството СХС.[5]) Во Битолскиот округ биле избрани 3 народни пратеници на листата на КПЈ; Демократската партија добила исто толку пратенички места во Уставотворното собрание, додека „Џемиетот" и неговиот сојузник во оваа изборна борба—Радикалната партија добиле само по едно пратеничко место. За народни пратеници во Битолскиот округ биле избрани овие комунисти: Ратко Жуњиќ, учител во Битола, Драгутин Буквиќ, секретар на Сојузот на работниците за прехранбени продукти од Белград и Танасие Илиќ, судски писар од Прилеп.[6])

Некои од овие документи што ги приложуваме нè информираат и за теророт што настапил над населението кое гласало за комунистичките кандидати во времето на овие избори.

За сето ова што дотука е речено, ќе најдеме потврда во документиве што ги приложуваме.

---

[4]) Од Штип протерани кандидатите за народни пратеници Цекиќ и Јевтиќ-Види го приложениот документ бр. VIII.

[5]) Статистички преглед избора...

[6]) Пак таму.

Документите што ги приложуваме претставуваат: телеграми, сослушувања од страна на полицијата, заповеди од повисоките до пониските органи на Министерството на внатрешните работи на Кралството на СХС или извештаи од пониските до повисоките органи на ова Министерство, како и прашања од страна на некои народни пратеници од Привременото народно претставништво на Кралството СХС избрано во пролетта 1919 година на посреден начин.

Во извештаите што ги даваат пониските органи до повисоките на спомнатото Министерство тие се правдаат, но не можат да се оправдаат за сторените незаконитости, бидејќи никаква независна комисија не излегла на терен за да ја утврди фактичката положба.

Документите ги пронајдовме во Архивот на Југославија во Белград во 1978 и 1979 година во фондот: Министерство на внатрешните работи на Кралството Југославија (скратено МУП кој се води под бр. 14) во фасциклите: 11, 13, 28, 100, 101.

Некои од овие документи претставуваат копии на испратени акти или концепти на такви акти што останале во Министерството. Во времето на предизборната кампања, од кој период произлегува поголемиот број од овие документи, министер на внатрешните работи на Кралството бил Милорад Драшковиќ, познатиот автор на по зло познатата „Обзнана". Како што е познато, над овој министер беше извршен атентат во Делнице во 1921 година од страна на Алија Алиагиќ, токму поради суровата пресметка што полицијата ја вршеше над комунистите.

Приложените документи ги подредивме по хронолошки ред и предметно, давајќи ги нужните коментари и забелешки под текстот. Документите се обележени со римски и арапски броеви.

Се надеваме дека некои од овие документи ќе се искористат и при пишувањето на историјата на КПЈ, чија подготовка е во тек, па сметаме дека нивното објавување ќе има скромен придонес.

## I

Министерство на
внатрешните работи
на Кралството СХС

Бр. 22676
3 ноември 1920 г.
Београд

Изборната агитација, што деновиве ќе достигне најголем замав и острина, зема тука и таму карактер за кој на Ми-

нистерскиот совет бев принуден да му го свртам вниманието и во договор со него, во негово и во свое име, го упатувам ова известување и заповед.

Изборните активности, во колку зависат од работата на власта, се изведуваат и ќе се изведат сите на време. Текот на изборните припреми, според досегашните оценки, ветува да остане нормален, доколку веднаш и решително се застане на пат на нездравата и заблудна акција на извесни елементи, кои изборите за Конституантата сакаат да ги употребат за цели сосема спротивни на Конституантата.

Уставотворната скуштина ќе донесе устав за нашата држава.

Целата Земја очекува таа работа да се заврши во ред и во слобода. Ова треба да се гарантира со сета сила на државата и тоа сега дотолку поенергично доколку досега има во тој однос пропуштени моменти во работата на извесни претставници на власта. Приличен број од нив го разбрале изборниот ред и изборната слобода како право да работи и зборува кој што сака и дека нивна е должност, во тоа, да ја заштитат таквата слобода.

На повеќе места претставниците на власта биле и останале пасивни свидетели на забранетата антидржавна дејност, сметајќи можеби, дека во изборната борба слободно е сè да се прави па и таквата дејност. Таа, меѓутоа, забранета е и за неа се наказжува.

Изборите се наредени со закон и со законот им е одредена целта.

Народните пратеници, кои народот ќе ги избере, слободно ќе се изјаснуваат за внатрешното устројство на државата преку Уставот и дотолку е слободата на изборите неограничена.

Којшто би сакал или би се обидел на изборите да им даде поинакво значење треба веднаш да се спречи и на начин што не остава ниту трага од двоумење.

Во сите случаеви, во сите прилики, државата, нејзината целост и чинот на обединувањето, останувaат надвор од дискусија. Сега се поставува прашањето за устројството на државата, а не за самата неа. Државата е, благодарејќи му на бога, на народот и на народната војска, создадена и останува неприкосновена. На никого не треба да му се позволи да шири за неа сомневања и недоверба, или да предизвикува на меѓусебна омраза и да сее недоверба помеѓу областите и племињата. Најмалку е допуштено да се трпи агитација за подвојување на државата.

Државните органи, кои ова не би го доволно разбрале, или лабаво би се однесувале, треба веднаш да се разрешат од должност, а потоа нивната вина да се испита.

Во оние краеви на вашето подрачје, во кои имало најмногу такви случаеви на таква престапна пропаганда, испра-

тите инспектори кои ќе пазат на строго исполнување на оваа заповед и на заповедите што сами ќе ги издавате во таа смисла. Такви инспектори и јас ќе испраќам.

Собири, собранија, конференции, напишани содржини што би биле спротивни со оваа заповед, треба веднаш да ги растурите и забраните, а одговорните лица треба веднаш да ги земете на одговорност според законот.

Исто така, на тие собири, не смее да се дозволи никому да проповеда притисок за да постигне успех. Којшто сака успех нека го бара во довербата на народот, а не во насилството.

Министер на внатрешните работи
М. Драшковиќ, с.р.

## II

НАРОДНО ПРЕТСТАВНИШТВО
БЕЛГРАД
ДЕМОКРАТСКИ КЛУБ

Белград, 29 мај 1920 год.

Господине министре!

Едно тешко зло го притиска народ од Јужна Србија и предизвикува мачно расположение токму спрема оние фактори на државната управа што тој ги смета на прво место повикани да му ја одржат вербата во стварноста од постоењето на нашата држава и можноста на нејзиното одржување и напредок. Тие фактори се чиновниците на јавната безбедност, полициските и сите чиновници од Вашиот ресор.

Погрешната и недоволната работа на тие чиновници има за последици дека илјади луѓе денеска скапуваат по затворите на Јужна Србија, со месеци па и повеќе од година време, и дека од ден на ден нивниот број само се зголемува, такашто зградите закупени и земени со реквизиција за таа цел не можат да ги соберат.

Главната причина за несреќата на тие илјадници луѓе и пренатрупаноста по апсаните е таа што јасната и недвосмислена содржина на параграфите 156 и 157 од Кривич-судската постапка не се применува и не се врши онака како што тоа законот го наложува, туку луѓето најнапред се затвораат па дури тогаш се изнаоѓаат докази за нивната било вистинска било по сомневање вина. На споредните причини, што исто така ги има, а што имаат чудновата и произволна, дури често и гадна природа, не сакам во оваа прилика да ви го свртувам вниманието.

Бидејќи произволното однемање слободата на граѓаните од Јужна Србија заради непридржувањето на гореспомнатите параграфи е една од главните причини за нерасположењето и

недовербата на тој народ спрема управните власти, затоа ве молам: итно и без одлагање упатите им распис на сите полициски власти, веднаш да ги сообразат сите затечени дела со смислата на параграфите 156 и 157 од Крив-суд-постапка и да ја прекинат практиката луѓето најнапред да се затвораат, а дури потоа да се изнаоѓаат докази за нивните кривици.

Молам да се поднесе писмен извештај за испратениот распис.

Др Мих. Шушкаловиќ, народен пратеник.

## III

### 1

ТЕЛЕГРАМА

До ДРАКАЛОВИЌ, народен пратеник — Белград.

Од Кочани. 18/5 (1920 г. — А. А.)

Вчера жандарите го тепаа Милан Ѓорѓевиќ, во зградата на нашата општина. Истото ќе го сторат и со другите.

Нашето село е запоседнато со жандари. Терор се врши во најголема мерка, па затоа се решивме најпосле да го кренеме својот глас поднесувајќи тужби против беззаконијата, насилствата, и ограбувањата. Сетоа ова Ви е познато донекаде, па бибидејќи сте наш народен пратеник бараме од Вас да вложите протест против сето ова. Виновниците Ви се познати. Една од нашите три тужби со педесет потпишани лица се наоѓа кај министерот на внатрешните работи. Видите што станува со неа.

Од имео на педесет и дваица грааѓни од селото Зрновци во Околијата кочанска-Брегалнички округ-Благое Ристиќ и Вук Радовиќ.

### 2

Шифра

**К. бр. 614**

До началникот на Округот

г. Рад. Јовановиќ — Штип.

Денеска добив извештај дека жандарите во селото Зрновци го тепале Милан Ѓорѓевиќ и други селани и дека жандарите го запоседнале селото.

Ви заповедам работата веднаш да ја извидите и да ме известите со телеграма. Во исто време Ви заповедам да преземете мерки селаните да се заштитат, а спрема виновниците да постапите најстрого спрема законот.

Сослушајте ги Благоја Ристиќ и Вук Радовиќ учители, кои ќе Ви дадат податоци.

Експед. во 15,20 часот. Министер.
20/VI—920 г.
Дежурни писар Чед. Урошевиќ. (Без потпис)

### 3

ТЕЛЕГРАМА Предадена на 1.VII—1920.
Примена на 2 VII—1920.

До господинот министер на внатрешните работи
Белград

Ноќта, помеѓу 19 и 20 изминатиот месец се враќале пеејќи и викајќи од Кочани во своето село некои селани од селото Зрновци, меѓу кои бил Милан Ѓорѓевиќ и учителот Благое Ристиќ. Пред селото налетале на жандармериска патрола која се обидела да ги запре, да ги види кои се и да ги опомене да не викаат и во ноќта да не пеат. Оваа толпа нападнала на овие жандари, започнала да ги пцуе, да ги кара и ги турнала во еден дол во водата. Кога претседателот притрчал напомош бил нападнат и тој. Да немал помош ќе бил претепан. Обавестен за ова, околискиот началник (заповедал. — А. А.) да ги дотераат Милана и другите на сослушување. Милан Ѓорѓевиќ вели дека еден од жандарите тогаш му удрил неколку шлаканици, но ниту го знае жандарот ниту го познава. Заповедав тој жандар да се пронајде и да се накаже. И водачот на жандармериската патрола и претседателот на општината поднесоа тужба против Милан Ѓорѓевиќ и дваицата учители и истата се работи. **Запоседнување** на селото немало. И овој настан, како и оние од порано ја утврдуваат нетактичноста и на дваицата учители во Зрновци и внесуваат расправии и караници кај селаните како и непокорност, непослушност спрема властите. Особено се зафати потпишаниот (на оваа телеграма. — А. А.) граѓаните да бидат заштитени, а сторителите на безредието да добијат... (натаму ништо не е речено — А. А.).

св. К. бр. 614.
Пов. бр. 503. Началник на Округот (не се чита)

# IV

**К. пов. № 85**

До окружниот началник
г. Жив. Рашковиќ
Охрид.

## 1

Често добивам тужби против незаконските постапки на полициските органи од Вашиот округ. Во овие тужби, меѓу другото, се изнесува и ова:

а) дека при одземањето на пушките се тепаат муслиманите од Демократската партија, а дека тоа се случува дури и во Ваше присуство. Во партизанството толку далеку се оди, што на онега што го тепаат му го упатуваат со потсмев, прашањето: „А од која е овој партија?"

б) дека внесените во списокот на сомнителните граѓани од Дебар, што е испратен до Командата на дивизијата, означени се како комунисти, а меѓу нив се наоѓа и мајорот во пензија Јелиќ, макарштo во Дебар нема ниту еден комунист, и дека г. Јелиќ бил внесен во овој список по Вашиот неуспех да го придобиете за Радикалната партија;

в) дека на муфтијата Афус Уснија тенденциозно му се подметнуваат кривици и клевети;

г) дека секретарот на Демократската партија, г. Јордан Дуковиќ, од Дебар, се апси, прогонува и дека против него се собираат лажни свидетели;

д) дека во Струга се прогонуваат луѓето од Демократската партија божем како качаци; дека граѓаните се апсат без решенија, а по неколку дни се пуштаат одкако добро ќе платат; дека околискиот началник во Струга ги заплашува инаку исправните граѓани, кои никакви врски немаат со качаците, со интернирање само заради тоа што се демократи; и дека пред некој ден еден писар од Струшката околија му се заканувал со пиштол на кметот на селото Велешта, за да го натера да истапи од Демократската партија.

Ви заповедам да ми поднесете извештај зошто сето ова се случува.

Министер
(нема потпис)

## 2

НАЧАЛНИК НА ОКРУГОТ ОХРИДСКИ
Пов Бр. 92
27 јули 1920 година

ДО ГОСПОДИНОТ МИНИСТЕР НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

Спрема Заповеддта на Господинот Министер Пов. К. Бр. 85 од 14 овој месец, чест ми е да му го поднесам следниов извештај

а). Никогаш и никаде не сум присуствувал на одземање оружје од никого, па ниту на одземање оружје од муслиманите од Демократската странка, па е ординарна лага — (нека ме извини господинот министер за овој израз, но јас поблаг израз не можам да најдам за вакви тужители, кои без оглед на срам, а во отсуство на секакви критериуми на чесност можат вакви лажни претставки да поднесуваат) — дека од страна на моите потчинети органи дури и смее да се помисли вакво нешто да се чини, а уште помалку да може пред мене вакво нешто да се случи. Уште поголема е лага дека тоа се прави со зборовите: „А од која е овој партија"?!, бидејќи сам себе би осудил кога би позволил и на овој начин да се води политика.

Јас би сакал господинот министер да ги провери ваквите тужби на лице место, преку некој свој пратеник, па на таков начин господинот министер да се увери какви се по карактер луѓето кои вакви лажни тужби му поднесуваат против поедини чиновници, само со желба да го убедат господинот министер во некоректните и незаконски постапки на чиновниците.

б) Не е вистина дека јас сум потрошил макар и еден збор за тоа да го придобијам за Радикалната странка мајорот во пензија г. Јелиќ. Јас лично, од како го запознав, се убедив дека тој човек не би правел чест да е член на било која партија, та спрема тоа најмалку би сакал тој да припаѓа на Радикалната странка.

Прв, последен и единствен мој подолг разговор со г. Јелиќ беше во почетокот на м. мес. о.г., веднаш по мојот прием на должноста началник на овој округ и тоа беше во Дебар. Тогаш во Дебар бев заедно со инспекторот г. К. Катиќ. До тогаш ниту сум го познавал г. Јелиќ, ниту сум бил чул за него. Тука, тогашниот околиски началник г. Шиљак ми го претстави мене и на г. Катиќ, покрај другото и овој г. Јелиќ, како човек кој работи против нашите државни интереси. Тогаш г. Јелиќ сеуште беше на воена должност во месната команда. Истиот ден кога ова го слушнав, добив преку еден пешадиски наредник писмо од г. Јелиќ, со кое ме молеше да го примам. Му го закажав времето на приемот во канцеларијата на Околијата и тука го при-

мив. Целиот говор му беше прилично неповрзан. Главно го разбрав дека по нашето враќање во Татковината најпрвин отишол кај социјалистите кадешто соработувал во „Радничке новине", па кога е земен на воена должност и испратен во Дебар кадешто немаше социјалисти, тој тогаш ги прибрал околу себе муслиманите, со помошта на кои смета да влезне во Народното претставништво како народен пратеник, но бидејќи дебарските муслимани се доближија до демократите, тоа сега и тој како таков се чувствува. Но вели дека околиската полициска власт прилично го гони, та заради тоа се чувствува неудобно, па ме молеше да ја примам на знаење оваа негова изјава.

Врз основа на ваквата негова изјава, а бидејќи од него разбрав дека припаѓал на групата офицери кои во Солун беа осудени, значи веќе имал една политичка афера, која што афера тој и ја припишуваше само на Радикалната странка, како божем таа сето тоа го организирала, со намера нив-познатите офицери-да ги отстрани од политиката и ги упропасти, та заради тоа тој на радикалите никогаш не може да им прости, не избирајќи средства во борба против нив, тогаш ќе ми верува господинот министер кога велам: дека не би бил толку наивен та еден ваков човек да се обидам да го придобијам за Радикалната странка и да го одвојам од Демократската странка. А ова дотолку што во местото беше инспекторот на Министерството, кого што, доколку се сеќавам, господин Јелиќ лично го познаваше, па би ми било особено неудобно, во почетокот на својата официјална работа, таа да ја крепам на политички чувства.

Тогаш на г. Јелиќ му одговорив дека јас за него имам информации; дека му оставам наполно слободно поле на работа во политиката но да пази добро, бидејќи не е вешт во политичката борба, да неби било каде да се судри со Законот, во кој случај ќе ме има и мене против себе. Тоа е се што сум разговарал со него и повеќе никогаш не сме имале подолг разговор, освен што се поздравуваме на улица.

Дури тогаш г. Јелиќ ми поласка дека во мене гледа еден интелегентен и умен човек, посакувајќи уште во мене да види „чесен" човек, па ако и тоа така биде, тој вели дека радикалите тогаш знаеле кого во овие краеви требало да испратат. Во знак на својата симпатија спрема мојата личност, господин Јелиќ дури ми подари една тетратка од свои песни.

Како каков е пак г. Јелиќ познат може да се види и под ./1 од приложениот акт, што пред некој ден ми е испратен од тоа Министерство.

в) Не ми е познато дека на дебарскиот муфтија г. Афуз Иснија му се подметнуваат тенденциозно кривици и клевети, но знам дека неговата работа ја следат полициските органи, коишто го сметаат, како и бројни нам приврзани мештани, како човек којшто работи против нашите државни интереси.

Дека полициските органи имаат основа да се сомневаат во неговата лојалност нека на господинот Министер му послужи како доказ ./2 приложените сослушувања од троица муслимани и под ./3 приложениот извештај од шефот на Финансиската управа во Дебар.

Кога пак се знае колкави тешкотии имаат државните органи на власта, а особено полицијата, со муслиманскиот елемент од овие краишта околу спроведувањето на државната организација и стабилизацијата на нормалните прилики, тогаш без секакво сомневање полициските органи имаат право што постојано ја следат работата на овој човек.

Не ќе е наодмет тука да наспомнам дека овој муфтија уште 1912 година, штом ние го заземевме Дебар, побегнал од Дебар во Албанија и оттаму постојано работел против нас. Дури се знае дека и неговата работа не била безначајна во времето на албанскиот бунт 1913 година. Тој во Дебар не се враќал ниту 1913 ниту 1914, ниту 1915 година. Дури по нашата евакуација на Дебар кога тука дошле Бугарите, тој се вратил во Дебар и Бугарите го поставиле за муфтија, па како се слуша тој ним доста големи услуги им чинел во прогонувањето на населението што нам ни е приврзано.

г) Јордан Дуковиќ не го познавам. Обавестен сум дека во време на нашето владеење со овие краишта до 1915 година бил некаде наш практикант, па подоцна бил отпуштен од служба како сомнителен заради одржување врски со бугарските организации. Познато е дека со доаѓањето на Бугарите во Дебар веднаш бил поставен за секретар на Началството во Дебар и дека како таков доста злосторства сторил на населението што нам ни е приврзано.

Сега е некаков секретар, писар кај муфтијата во Дебар.

Не ми е познато дека некој незаконски го прогонува и апси, ниту пак тој ми се пожалил до сега против таквата работа на полициските органи, но верувам, кога би бил прогонуван, тој не би простил никому за таква постапка, туку би ги употребил сите свои со Уставот загарантирани права и таков чиновник веднаш би го тужил на суд, дотолку повеќе што се знае дека судот ваквите тужби не би ги сватил лесно, бидејќи овдешниот суд е составен од судии кои сите припаѓаат на Демократската странка.

д) Не знам дека од Струга некој се прогонува од Демократската странка, под форма на качак, туку знам дека качаците не само во Струга, туку во целиот Округ се гонат без оглед на која странка ѝ припаѓаат. Господинот Министер ќе се увери

од мојот порано испратен извештај што му го испратив по повод на поднесената тужба против околискиот началник во Струга дека ги гонел демократите како божемни качаци дека ваквите претставки што му се упатуваат наполно се лажни.

До денеска не сум чул дека некој во Струга е уапсен без решење и по неколку дена пуштен, откако добро платил.

Би го молел господинот Министер да ги именува таквите лица, па доколку не би поверувал на мојата непристрасност при извидувањето на тие случаи, тогаш нека ги извиди преку свој пратеник на когошто ќе му верува, па таквите виновници, ако ги има да се обележат и за своите недела да бидат законски казнети, во спротивно да се разголи карактерот на таквите доставувачи, а тие да ги повлечат потребните консеквенци од својата работа.

Јас верувам ако имало вакви случаи не би останале до сега непознати на судот.

Околискиот началник во Струга не е во состојба никого, па ниту демократите да ги заплашува со интернирање, зошто, спрема мојата наредба, тој не може никого да интернира пред јас да му одобрам за секој поединец.

Од прилогот под ./4 господинот Министер ќе се увери колку му е верно претставена работата за тоа дека некој полициски писар со револвер му се заканувал на кметот од селото Велешта за да ја напушти Демократската странка.

На крајот слободен сум да му наспомнам на господинот Министер дека јас сум толку високо воспитан во патриотскиот и партискиот дух што сметам дека ми е под достоинството да мислам, а нели пак да водам сокачка политика на начин на кој му е претставено на господинот Министер.

Мене лично ме познава шефот на Кабинетот на господинот Министер, инспекторот г. Крстиќ, па од него господинот Министер ќе може да чуе дали јас би бил подобен да водам политика на овој начин, како што му е на господинот Министер претставено?

Примено на 4-VIII. 1920.
Следува штембил на Мин. на вн. работи.

Началник на Округот
Ж. К. Рашковиќ

## 3

**МИНИСТЕРСТВО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ**

Одделение за јавна безбедност
Пов. J.Б. Бр. 5490
15 јули 1920 година
Белград

ДО НАЧАЛСТВОТО НА ОКРУГОТ

ОХРИД

Министерството на војската и на морнарицата со свој акт Пов. Ф. Ѓ. Бр. 5584 му го достави на ова Министерство следново:

„Милосав Јелиќ, пешадиски мајор во пензија, во која (пензија А. А.) е дошол заради познатата афера на црноракците, интензивно работи на ширењето на комунизмот и ја помага Организацијата на Муслиманите. Како резервен офицер тој бил на работа во Окружната команда во Дебар а сега, по извршената демобилизација и натаму остана во Дебар. Тој и денеска е во униформа и сето ова го работи како офицер, а народот мора да го слуша плашејќи се од неговата пакост, па заради тоа страхување му пријдува, не знаејќи каде може да го одведе ... Не избирајќи средства, на секој чекор се труди да ги изигра државните власти. Би требало да му се забрани носење униформа кога не е на војна должност, а во интерес на државата, заради помагањето на Муслиманите и ширењето на нивната Организација, би требало да му се забрани натамошниот престој во Дебар."

Горното се доставува на Началството на закон. постапка.

По наредба на Министерот на внатрешните работи

Секретар,
См. Дробњаковиќ с. р.

Заведено во Началството во Охрид под
К. пов. Бр. 1006
26-VII-1920 г.

Дека е верно на оригиналот тврди,
Окружен началник,
Ж. К. Рашковиќ

## 4

Кралство на Србите, Хрватите и Словенците
Началство на Округот Охридски
Пов. бр. 1050
август 1920 г.
Охрид

До Министерот на внатрешните работи
(Кабинет)

Белград

Спрема Наредбата К. Пов. Бр. 109 имам чест да го поднесам следниов извештај:

Каков **терор врши началникот на Струшката околија над одборниците на Општина Радолишка,** господинот Министер можеше да види од мојот извештај Пов. бр. 822 од 14 јули оваа година.

По убиството над кметот на општината Радолишка, Алил, за кое дело е притворен и вториот брат на претседателот на оваа општина бидејќи еден брат му се наоѓа одпорано во притвор по барањето на Првостепениот суд заради Албанскиот бунт во 1913 год., а когошто убиениот кмет пред својата смрт го означил како убиец, приватно дознав дека претседателот на Радолишката општина и кметот на селото Франгово, Јашаревиќ, не ги напуштаат своите домови ниту за најкратко време, од страв да не бидат испотепани од пријателите на убиениот кмет Алил, бидејќи во народот се зборува дека и тие дваица се подбуцнувачи на ова дејание.

На 26 овој месец, околу 6 часот по пладне дојдоа кај мене прв пат: претседателот на Општината Радолишка со кметот Јашаревиќ и ме известија дека командирот на четата што се наоѓа во селото Радолиште, на 27 о.м. (овде нешто не е во ред со датирањето — А. А.) вршел претрес на целото село, а во таа прилика и ним им се заканувал, и дека тие не смејат слободно да се движат од качаците, бидејќи немаат оружје, па ме молеа да им дам десет пушки.

Не знаев, зошто и по чија наредба командирот вршел претрес па затоа наредив да се сослушаат претседателот и кметот за ова, како би можел да барам потребен извештај за ова, а во исто време ним им реков да дојдат утре за да им дам 10 пушки.

На 29 овој месец пред пладне добив извештај од началникот на Струшка околија дека претседателот на Радолишка општина и кметот на селото Франгово ја напуштиле општината и отишле не се знае каде. Веднаш по ова добив телефонски извеш-

тај од началникот на Струшка околија дека Албанците ја нападнале нашата граница над селото Радолишта. Во тоа време пак дојдоа кај мене претседателот и кметот за да земат оружје.

Бидејќи бев решил лично да појдам во општината Радолишка по повод нападот на Албанците (во текстот насекаде стои Арнаути — А.А.) им реков и тие да дојдат во општината кадешто ќе извидам зошто е вршен претрес во селото и зошто тие ја напуштиле општината и дека таму ќе им дадам оружје.

Ми одговорија дека тие не смејат да одат во општината без оружје. Јас им реков да тргнат со моите жандари што ги упатив напомош на војската. Потоа и јас отпатував за Струга од каде му поднесов на господинот Министер извештај за настаните на границата.

Во Струга останав на 29, 30, на 31 се вратив во Охрид. Се распрашував во Струга дали дошле претседателот и кметот на општината Радолишка, бидејќи со моите жандари не допатувале и дознав: дека не дошле. По телефон на 30 мин. месец му заповедав од Струга на мојот секретар да ги пронајде во Охрид и да им соопшти веднаш да дојдат во Струга и да ми се јават. Од секретарот дополнително бев известен дека тие отпатувале од Охрид во истиот ден кога отпатував и јас, т.е. на 29. Бидејќи не беа во Општината, а низ Струга не поминале, се заинтересирав да дознам каде се и што станало со нив. На 31 о.м. ме известија во времето на моето тргнување од Струга, дека претседателот и кметот на Општината Радолишка, со народниот пратеник г. попот Серафим Крстиќ и претседателот на општината Делагошка, Околија Струшка отишле во селото Делагожје на партиска конференција.

По моето пристигање во Охрид добив од командантот на 46 пешадиски полк извештај од командантот на посадата во селото Радолиште со следнава содржина:

„Вчера, на 27 о.м. околу 12 часот на пладне дотрча овдешен мештанин Албанец и ми јави дека го видел претседателот на тукашната општина и кметот на селото Франгово, дека се состанале со дваица вооружени човека-качаци. (како што тие ги наречуваат) и дека седеле во една куќа во селото што се наоѓа меѓу пченката, веднаш тргнав и зедов војници, па извршив претрес на спомнатата куќа и на уште неколку други куќи, што се наоѓаат во близината на куќата кадешто одметниците се виделе со претседателот на овдешнава општина и со кметот на селото Фригово, но без успех. Не најдовме никого во спомнатата куќа. Откако извршив претрес на неколку куќи во селото, испратив една десетина да изврши претрес на пченките, Еден војник го видел во пченката кметот на селото Фригово и го запрашал што бара тој тука, тој му одговорил дека дошол да гледа како пченката се полива. Кметот потоа отишол накај

општината кадешто и јас подоцна го најдов и го запрашав каде бил денеска. Ми одговори како што му одговорил и на војникот дека бил во пченката за да види како се вади. Го запрашав зошто не оди во своето село па таму да гледа што се работи, туку седи во ова село веќе два месеца, а никако не оди во своето село, а тој ми одговори дека не смее да оди во своето село од страв да не го убијат качаците, меѓутоа тој постојано одржува врска со нив и одржуваат конференции, тој и претседателот на овдешната општина и тоа како органи на власта. Утрово пак запрашав за претседателот на Општината каде се наоѓа, ми јавија дека ги нема од ноќеска ниту него ниту кметот на селото Фригово, туку отишле не се знае каде без да јават некому каде отишле од селото, а не јавиле ниту на општинскиот деловодител, ниту на било кого од општината. За предното имам чест да го известам командантот заради знаење.

(Преписот на извештајот
буквално е препишан)

Командант на Посадата-Капетан II класа
Мил. В. Поповиќ, с. р.

Вакво известување за овој настан добив усмено и од Струга, како од околискиот началник, така и од командантот на батаљонот во Струга, под чија команда се наоѓа и капетанот во Радолиште.

Како што се гледа, за овој претрес полициската власт и не знаела, а уште помалку таков претрес да е вршен на барање на полицијата.

Овој командир што го вршил претресот со четата се наоѓа во Радолиште од поодамна и добро му е познато дека од Општината Радолишка има поголем број одметници, дека тие престојуваат во Албанија преку границата што се наоѓа во близината на ова село-општината, и дека тие често доаѓаат кај своите куќи-роднини во селото и тука земаат храна и припремаат разни злосторства, та затоа и побрзал, како ревностен во службата, на првата вест за качаците, истите да ги фати, не познавајќи го добро законот тој сметал дека може слободно да врши претрес на куќите без присуство на полициските и општинските власти, до толку повеќе што зоната во која се наоѓа со четата ја смета за воена.

Кога се сите овие околности соберат, тогаш на претседателот и на општинските кметови Радолишки не им чини началникот околиски зошто ги гони.

Не им чини ниту командирот на четата, како ни војниците на оваа чета, што постојано се наоѓа во селото Радолишта спрема распоредот на воените власти;

речиси, најголем број на одметници има од оваа Општина;

дека во ова кратко време извршени се два напада на границата од страна на Албанците и тоа токму спрема оваа Општина и дека во последниве десет дена извршени се две убиства во оваа општина, како и тоа дека претседателот и кметот на селото Фригово од некој сопствен страв не смејат слободно да се движат без оружје и покрај тоа што во селото имаат и војска и жандармериска станица, додека, меѓутоа, слободно се шетаат по другите општини заради политичка агитација. Јас тогаш не можам да знам дали е тогаш околискиот началник тој што нив ги тероризира, или пак тие се тие што со својата работа нарочно и пречат на државната власт-на полицијата во извршувањето на нејзините главни задачи-гонење и фаќање на одметниците?

Началник на Округот,

Кралство на Србите, Хрватите и Словенците

Ж. К. Рашковиќ

Кабинет на Министерот на надворешни работи
К. Бр. 903
12-VIII-1920
Белград
Во акта

## V

### 1

### ДО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА ПРИВРЕМЕНОТО НАРОДНО ПРЕТСТАВНИШТВО

Молам да се обавести г. министерот на внатрешните работи дека на првата од претстојните седници ќе му поставам усно прашања:

1) Дали му е на г. министерот познато дека по повод на убиството на еден жандармериски каплар што се случило ноќе во борба со качаците во селото Песочани, наредната ноќ полицијата го запалила целото село и извршила убиства на жени и деца?

2) Ако му е познато дали мисли веднаш да ги суспендира виновниците, да ги стави под истрага и да ги предаде на судот, доколку тоа до сега не го сторил.

2. октомври 1920 год.
Белград.

Прашувач,
Серафин Ст. Крстиќ с. р.
нар. посланик.

## 2

ПРИВРЕМЕНО НАРОДНО ПРЕТСТАВНИШТВО
на Кралството на Србите, Храватите и Словенците
Бр. 4501
2. октомври 1920 год.
Белград.

ДО ГОСПОДИНОТ МИНИСТЕР
НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

Имам чест, врз основа на чл. 88 од Законот за деловниот ред на Народната скупштина да Ви го доставам, под: ./1, а под број 4501 во препис прашањето што Вам Ви го упати народниот пратеник г. Серафим С. Крстиќ за колежот на граѓаните од с. Песочани од страна на полициската власт, со молба на Ваша постапка спрема спомнатиот член од Законот.

Господинот народен пратеник бара устен одговор.

Примите, господине министре, и во оваа прилика уверување за мојата одлична почит.

Претседател на Привременото народно
претставништво.
(Потписот не се чита)

ПРИМЕНО
на 3-X. 1920
Министерство на внатрешните работи.

## 3

МИНИСТЕРСТВО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
(грб државен)
на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците

**КАБИНЕТ**

К. Бр. 1313
5-X-1920
Во Белград

ГОСПОДИНЕ ПРЕТСЕДАТЕЛЕ,

Во одговор на Вашиот акт бр. 4501 од 2 о. мц, а што се однесува „на колежот на граѓаните од селото Песочани, од страна на полициската власт, чест ми е да Ве известам, дека на истото ќе Ви одговорам, кога инспекторот, кого што го испра-

тив по повод на тој настан во Округот охридски, ќе ми поднесе извештај.

Молим Вас и тн.

Министер на внатрешните работи,
(потписот не се чита)

## VI

## НАЧАЛ. НА ОКР. — КАВАДАРЦИ

### 1

Во бр. 187 од „Република“, од 9-III, отпечатена е дописка од Струмица во Рубриката „Наши дописи“ каде што се изнесува дека некојси „Нико“ там. (ошен) индустријалец ги врзувал некои луѓе заради комитски акции.

Повелете да го извидите во спомнатата дописка изнесеното, и за тоа исцрпен извештај до ова Началство да поднесете.

(Не се чита кој го потпишал писмово)

(На истата страница на ова писмо приложен е отсечок од печатен текст кој гласи:)

НАШИ ДОПИСИ

Струмица, 5. октомври

Пред некој ден весникот „Република“ донесе една дописка од Штип, во која пишува како полицијата на своја рака ги апси видните граѓани. Таа појава во Македонија не е ништо необично, а јас сега ќе изнесам еден друг, исто така речит факт.

Пред извесно време се појавила некоја чудна војна потреба за луѓе. Воените власти започнаа да земаат луѓе „на вежба“. При тоа никаква сметка не се води за годините на староста на повиканите обврзници. Еве еден исечок од списокот: Алекса Козевиќ — 58 години; Никола Малиновиќ — 58 години; Мите Онциќ — 62 години; Никола Христовиќ — 45 години; Киро Шарлаганџиевиќ — 45 години и тн. уште триесет нивни врсници. По најлошо време овие луѓе се отерани во Штип, а оттаму, бог знае каде, ако не ги изеде темнината, како минатата година, оние работници од Тиквешијата на кои ни гробовите не им се знаат.

Поводот за ваквите постапки се состои во тоа дека некои движења на бугарските комити, кои преминуваат од Бугарија заради ограбување, да не би да предизвика некое оживено движење или пресврт. Тукашниот гркоман, индустријалецот „Нико“, што се ставил во служба на полициските агенти ревносно ги врзува најчесните луѓе, на коишто комитските акции им

здодеале и тие истите утре би тргнале до еден во акција против таквите бандити. На денешните избезумени власници тоа не може да им се докаже. Македонија живее во полициски насилства и во спроведувањето на албанска политика. Во нашата земја управуваат неодговорни чиновници, а демократите се нивни послушни слуги. Тоа треба да го видат нашите граѓани, па да не ги напаѓаат само радикалите, туку и нив и демократите, бидејќи и едните и другите се исти.

Р(иста) Т(рајковиќ)

## 2

НАЧАЛСТВО НА СТРУМИЧКА ОКОЛИЈА
Бр. 10135
20 октомври 1920 г.
Струмица

ДО НАЧАЛСТВОТО НА ТИКВЕШКИОТ ОКРУГ
КАВАДАРЦИ

Спрема напред издадената наредба, имам чест да го поднесам следниов извештај:

—1—

Со актот на Началството од 21 февруари о. год. Пов. Бр. 98 беше заповедано најитно да му се испрати список на сите раководители и поистакнатите членови на Комунистичката странка. Врз основа на оваа заповед, јас, со својот акт од 3. март о. година, Пов. Бр. 39 му доставив таков список на Началството, поднесувајќи му едновремено и писмен извештај за работата на бугарската организација наречена „Црна рака", во овој крај. Мене не ми е познато дали овој список им е доставен на воените власти. Како и да било, меѓутоа сите лица, кои беа назначени во овој список, беа повикани со наредба на командантот на Штипската пуковска окружна команда од 24 септември о. година Бр. 1474 на двомесечна вежба во Штип.

Во таа Наредба беше нагласено сите тие лица стражарно да се упатат, но тоа не е сторено.

Во тој список, меѓу другите беа запишани: Коста Х(аџи) Котаревиќ и Туше Новоселец. И тие се повикани на двомесечна вежба, но на вежба не се упатени, бидејќи првиот е избран за претседател на Струмичката општина, а вториот за кмет. За нив му е поднесен извештај на командантот дека се сега општински функционери.

—2—

„Нико Индустријалец“ којшто се спомнува во дописката на „Република“ се вика Никола Азмановиќ, трговец од Муртино (или Никола Томчевиќ, трг. од Струмица), обајцата порано беа претседатели на општината, но никого никогаш не тепале ниту врзувале. Тие немале никаков удел во прибирањето податоци за именуваните лица-ниту пак се наоѓаат во некаква обавестувачка служба кај овие околиски власти.

—3—

Дописката е испратена од страна на г. Р. Т. (Риста Трајковиќ), народен пратеник-републиканец. Дописката има карактер на изборна агитација и препорака до избирачите. Именуваниот нар. пратеник сака да им даде на знаење на своите пријатели и познати како се зазема за луѓето кои се од страна на властите предмет на насилства и компромитирања. Тој сака пред изборите да се популаризира во овој крај, во кој во времето на бугарската управа Комунистичката партија имала доста приврзаници и која за комунистичките кандидати дала неколку стотини гласови.

Околиски началник, Јовановиќ

## 3

НАЧАЛСТВО НА ТИКВЕШКИОТ ОКРУГ
Полициско одделение
Пов. К. Бр. 8080
24 октомври 1920 година.
Кавадарци

ДО МИНИСТЕРСТВОТО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
1003

Чест ми е да Ви го доставам извештајот на началникот на Струмичка околија, со молба на знаење и натамошна надлежност.

Чест ми е да Ви наспомнам дека воената власт не барала инструкции од потпишаниот што не требало да се пропушти и би требало да им се сврти внимание во иднина воените власти на било чија достава вака да не повлекуваат цела маса бидејќи

тоа оди на штета на нашата општа работа и на државната политика во овој Округ кадешто сум јас претставник на Владата и стојам на чело на таа државна политика.

Окружен Началник,
Воислав (презимето не се чита)

МИНИСТЕРСТВО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
КАБИНЕТ

К. Бр. 1503
30-X-1920 г.
До Министерството воено. Во акта.

## VII

КРАЛСТВО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ
НАЧАЛСТВО НА БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ

Бр. Поверливо
30 ноември 1920 г.
ШТИП

ДО МИНИСТЕРСТВОТО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

БЕЛГРАД

Во бр. 282 од „Радничке новине", од 26 ноември о. година, излезе кратка дописка од Штип во рубриката „Изборниот терор се побесен" во која дописка се вели како демократскиот началник ги протерал нивните комунистички кандидати Јевтиќ и Цекиќ и им забранил секаква агитација, барајќи протест „против овој полициски разбојник".

Во смисла на расписот на Министерството К. Бр. 1960, од 22 овој месец, чест ми е да го известам Министерството дека на три дена пред изборите дојдоа во Штип кандидатите на Комунистичката листа Цекиќ и Јевтиќ, и кога јас дознав за нивното пристигнување веднаш ги повикав и ги запрашав зошто дошле ваму, тие ми рекоа дека дошле заради агитација. На ова, јас, со мирен тон, но определено и отсечно, им кажав дека нивната агитација како антидржавна, државната власт нема да ја допушти и заради тоа сериозно им препорачав да се вратат таму од каде дошле, ако друга приватна работа немаат. Тие ниту протестираа, туку се вратија и отидоа од мојот округ.

Началник на Округот,
М. Поповиќ

## VIII

### 1

### РАБОТЕНО НА 29 ОКТОМВРИ 1920 ГОДИНА ВО БИТОЛА

Денеска пристапи Ќенан Ќази-беј од Битола, ул. Булевар бр. 55 и изјави:

Еден непознат човек кој се претстави за Турчин, денеска со водачот на Комунистичката странка г. Жуњиќ, свика конференција на муслиманите во кафенето спротив Интифе, кафенето е своина на Етем Ефендија тукашен.

Кога се собра поголем број граѓани-муслимани, овој човек стана, се претстави како да е *од Босна* и започна да држи говор.

Зборуваше за комунизмот и неговиот развој ваму и *во Русија.*

Во време на својот говор рече: „Вие, браќа муслимани, многу добро ја познавате оваа наша држава, таа, нас муслиманите не гони, убива и мачи, таа не задолжи дваесет милијарди, ние треба да ја урнеме, а ќе ја урнеме само така ако ние Муслиманите се здружиме и сите здружно се разбунтуваме и да го сториме она што Ленин го стори во Русија."

По ваквите изговорени зборови од овој непознат човек, ние сите изразивме негодување и се разотидовме. Ова го слушнаа: Максим Милошевиќ, тукашен, Ќенан Зија-беј, Атип Асан, оџа и Садедин Афус, тукашен.

Го доставувам ова на власта заради знаење и натамошна постапка.

Писмен сум,
Ќенан Зија-беј с. р.

Оверува по наредба на окр. началник, заст. секретар писар,
В. Вулетиќ, с. р.

### 2

### РАБОТЕНО НА 30 ОКТОМВРИ 1920 ГОДИНА ВО ОКРУЖНОТО НАЧАЛСТВО — БИТОЛА.

### ИСПИТУВАЊЕ НА СВИДЕТЕЛИТЕ ПО ВИНАТА НА ЕТХЕМ БУЛБУЛОВИЌ, ОД САРАЕВО ЗА ДЕЛО ОД ПАРАГРАФ, ВРШЕНО ВО ПРИСУСТВО НА ИСЛЕДН. СВИДЕТЕЛ.

### 1

Општо прашање

Се викам Максим Милошевиќ, тукашен, хотелиер, стар 57 години, вера православна, оженет, татко на 2 деца, писмен сум, не сум казнуван, не сум роднина, државјанин сум на Кралството С.Х.С.

## 2

На прашањето одговори:

„Вчера, поминувајќи порај кафенето на Етем Ефендија, видов некаква гунгула внатре и тогаш таму влегов. Со влегувањето мое во кафенето видов некојси во турски фес и на турски јазик држи говор таму на насобраните муслимани. Токму тогаш кога влегов во кафенето тој зборуваше: „Браќа муслимани, оваа држава нè мачи и убива, таа нè задолжи до сега 20 милијарди, таа за нас не чини и треба да ја урнеме, а тоа ќе го сториме ако се разбунтуваме против неа, дружно да се разбунтуваме и да го сториме она што Ленин во Русија и Омер Паша во Цариград го стори."

На овие зборови собраните муслимани сите во еден глас извикаа на турски јазик: „Нам ни е добра српската држава и ние не примаме друга држава". Потоа станаа и го напуштија кафенето со врева и протести.

По изговорените зборови од муслиманите, тогаш еден војник извика на српски јазик: „Да живее српската држава"! Овој војник беше присутен во кафенето.

Во време на тргнувањето на муслиманите од кафенето, стана Ратко Жуњиќ и започна нешто да зборува, но што беше тоа не слушнав.

Тоа е се што имам да кажам и на кажаното ќе се заколнам.

Писмен сум,
Максим Милошевиќ, с. р.

## 3

### РАБОТЕНО НА 29 ОКТОМВРИ 1920 ГОДИНА ВО БИТОЛА.

### ИСПИТУВАЊЕ

На Етем Булбуловиќ, правник од Сараево.

I

Општо прашање

Се викам Етем Булбуловиќ, од Сараево, стар сум 30 години, не сум осудуван, писмен сум, не сум женет.

II

Суштинско прашање

Јас, со легитимација, што на власта и ја давам на увид, а што сум ја добил од сараевската полиција, дојдов во Белград заради свои приватни работи.

Во Белград добив налог од Централното партиско комунистичко веќе да дојдам во Скопје заради партиска работа.

Кога ја завршив работата во Скопје, тргнав за Битола и сношти овде пристигнав. Отседнав во хотелот Париз во соба бр. 4.

Денеска свикав и одржав една партиска конференција во затворен локал, т.е. конференцијата ја свика Партиската организација, а јас, само како член на Партијата, присуствував на истата и одржав говор.

Во својот говор ја изложив целта на нашата Комунистичка партија и работата на другите партии, и реков дека тие, муслиманите не треба да влегуваат ниту во една партија како една верска целина, туку треба да се определуваат според својата економска состојба.

Ниту еден збор не сум рекол што би бил упатен против државата и сегашното државно устројство.

Не е верно дека јас сум ги изрекол зборовите изнесени во оваа пријава што ми е прочитана.

Не е верно дека сум ги повикувал Муслиманите да се разбунтуваат и да го сторат она што Русите го сторија, а вистина е дека ја повикав муслиманската сиромаштија да се определи за Комунистичката партија.

Ништо повеќе немам да кажам.

Деловодител-писар,

Оверува — Е. Булбуловиќ, с.р.

Ник. Ст. Павловиќ

Окр. Началник,
П. Лукиќ, с. р.

## 4

## РАБОТЕНО НА 30 ОКТОМВРИ 1920 ГОДИНА ВО НАЧАЛСТВОТО НА БИТОЛСКИОТ ОКРУГ

## КРИВИЧЕН ИСПИТ

на обвинетиот Етем Булбуловиќ, од Сараево за дело од параграфот, направен во присуство на иследните свидетели...

### 1

Општо прашање

Се викам Етем Булбуловиќ, родом сум од Сараево и живеам на улица Плоча бр. 21, стар сум 30 години, муслиман, неженет, студент на право во Загреб, писмен сум, не сум казнуван, државјанин на Кралството С.Х.С.

## 2

На прашањето одговори:

Соопштена ми е тужбата и имам да го кажам следново:

Тужбата е тенденциозна и лажна заради тоа што овие што ја поднеле тужбата водачи се на Турската организација и пактираат со радикалите и бидејќи во мене гледаат противник кој може да го ослаби тој пакт, ми подметнуваат она што не е точно и со тоа сакаат да ѝ се додворат на власта.

Лажливи се и исказите на свидетелите, бидејќи и тие се во договор со тужителите.

Јас од Сараево со објава дојдов во Белград, од кадешто Партиското веќе ме прати да ја пропатувам Македонија и во секое она место кадешто постои наша организација да одржам говор и да агитирам за Комунистичката партија.

Од Белград дојдов во Скопје, Кавадарци, Прилеп и Битола, кадешто во секое место одржав свој комунистички говор, според наредбата на Веќето и патувам на негови разноски.

Сите овие конференции и говори сум ги држел во затворени локали.

Со мене во друштво патува Пера Ѓорѓевиќ, уредник на „Социјалистичка зора" во Скопје, а во Битола го најдовме другарот Рајко Јовановиќ, правник од Белград. Со овој Рајко заедно сум делегиран од Партиското веќе за Македонија.

За сето друго во се си останувам на моите одговори дадени во записникот од 29 о.м. Е. Булбуловиќ, с.р.

Присутни граѓани: Петар Стефановиќ, с.р.

Дијаманди Османлиевиќ, с.р.

Оверува окружниот началник, П. Лукиќ, с.р.

## 5

### РАБОТЕНО НА 30 ОКТОМВРИ 1920 ГОДИНА ВО НАЧАЛСТВОТО НА БИТОЛСКИОТ ОКРУГ ЗАПИСНИК ЗА СООЧУВАЊЕ

1.

Максиме, го познавате ли овој човек што тука пред Вас стои?

Го познавам, и тоа е оној што вчера во кафенето држеше говор но не знам како се вика.

2.

Максиме, кажите му в лице што рекол вчера во својот говор.

Ти Етеме, во својот говор рече дека оваа држава нè ни чини и дека треба сложно да ја урнеме, дека оваа држава нè угнетува и дека досега нè задолжила со 20 милијарди-да ја урнеме треба, сложно да се здружиме и да се разбунтуваме па да сториме она што го сторил Ленин во Русија и Омер паша во Турција.

3.

Што велите Етеме на овие зборови?

Максиме, не е вистина дека јас сум го рекол ова, Вие не бевте на целиот мој говор туку дојдовте при крајот. Јас зборував за класната борба и за класното владеење на буржоазијата. Мојот говор не сте можеле добро да го разберете иако говорите турски, бидејќи јас зборував на турски литературен јазик.

Максим Милошевиќ, с.р.
Етем Булбуловиќ, с.р.

Присутни граѓани:
Илија Ивановиќ, с.р.
Диаманди Османлиевиќ, с.р.

Оверува,

П. Лукиќ, с.р.
Иследник, окр. началник,

6

КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ
НАЧАЛСТВО
НА ОКРУГОТ БИТОЛСКИ

Бр. 16402
30 октомври 1920 година
Битола

—Р.

Ќенан Ќази, -беј, од Битола му достави на ова Началство дека Етхем Булбуловиќ, од Сараево, вчера, на 29 о.м. на конференцијата што ја свикала тукашната Комунистичка организација и на која биле повикани само муслиманите, граѓани на градот Битола, држал говор и ги повикал муслиманите да се здружат и така здружени, по пат на револуција (како што тоа го правел Ленин во Русија), да ја урнат денешната монархистичка држава Кралството на СХС. Конференцијата се одржала во кафенето на Етем Ефендија, кафеџија, тукашен и дека зборувал на турски јазик.

За доказ на своите наводи се повикува на свидетели.

Ова Окружно Началство поведе истрага по ова и најде:

1. дека овде постои дело по параграфот 91 од Кривичниот закон;

2. постоењето на дело и на кривична одговорност на окривениот го утврди преку испитаните свидетели: Максим Милошевиќ, Ќенан Зијабеј и др., кои тврдат дека окривениот Булбуловиќ, на спомнатата конференција пред масата собрани граѓани муслимани, ги изговорил овие инкриминисани изрази: „Браќа муслимани, оваа држава не угнетува и убива, таа не задолжи до сега 20 милијарди, таа за нас не чини и затоа треба да ја урнеме, а тоа ќе можеме да го сториме ако се здружиме и против неа разбунтуваме и да го сториме она што го сторил Ленин во Русија и Омер Паша во Цариград, а тоа е оваа денешна држава да ја урнеме" — параграф 229 од Кривичниот закон.

3. покрај исказите на испитаните свидетели, кои се потполн доказ за неговата кривична одговорност, постојат уште и следниве основи на сомневања:

а) поблиска основа на сомневање од точка 7 на параграфот 121 од кривичната судска постапка, бидејќи признава дека бил на лице место и пред насобраните муслимани одржал говор;

б) основ од параграфот 125 на Кривично судската постапка бидејќи признава дека талка од место во место заради партиска агитација, како и непознат начин на живеење, бидејќи признава дека патува на сметка на партиско-комунистичката организација;

в) основ од точка 1 од Параграфот 123 на Кривичната судска постапка, бидејќи признава дека е приврзаник и агитатор на Комунистичката партија која е револуционерна.

Заради тоа и врз основа на изложеното во Параграфите 117 127, 130 и 131-а, од кривичната судска постапка и членот 9 од Земскиот устав, иследната власт на овој Округ, со оглед на тоа дека обвинетиот е непознат и без постојано место на престој

## РЕШАВА

Обвинетиот Етхем Булбуловиќ, од Сараево, да се стави под кривична истрага, со тоа што во времето на истрагата да биде во притвор.

Решеното му го соопшти, и понатаму по Законот постапи,

Иследник, Началник на Округот,

П. Лукиќ, с.р.

Деловодител-писар,
Ник. Ст. Павловиќ, с.р.

Горното решење ми е соопштено на триесети октомври 1920 г. во 17 1/2 часот во Битола.

Е. Булбуловиќ, с.р.

Оверува: Иследник, по наредба на началникот на Округот, заменик на секретарот-писар,

В. Вулетиќ, с.р.

Дека преписот е верен на својот оригинал што се наоѓа во актите на ова Началство под. бр. 16395, 16396, 16397, 16398 и 16402 за Началството на Округот битолски по својата официјална должност тврди,

Окружниот началник.

Бр. ——————

12 Ноември 1920 г. Битола.

(печат на Началството)

8

БИТОЛСКИ ПРВОСТЕПЕН СУД
Бр. 12390 „Е“ 33
1 ноември 1920 г.
Битола.

ДО НАЧАЛСТВОТО НА БИТОЛСКИОТ ОКРУГ

Според жалбата на Етем Булбуловиќ, што е благовремено поднесена, како и според својата официјална должност, Битолскиот првостепен суд, го разгледа решењето на окружниот началник од 30 минатиот месец бр. 16402 кој го ставил под истрага и во притвор жалителот Етем, заради дело од Параграфот 91-в од Казнениот закон, како и врз основа на сите акти од овој предмет, најде дека спомнатото решење е засновано на Законот, само што началникот пропуштил во образложувањето на своето решење да истакне дека тука има место на факултативно-истражен притвор заради причините изнесени во т.б и в. на спомнатото решење, како и заради тоа што тој има патна исправа за Белград, а доаѓа во Битола, дека од спомнатата исправа се гледа оти е студент, а тој, меѓутоа, нема студентска легитимација, — точ. а, Параграф 131, од Кривичната постапка.

Со изложеното, а врз основа на Параграф 131 од Кривичната постапка, како и со напред изнесеното дополнение во образложувањето Битолскиот првостепен суд го *одобрува* спомнатото решение на началникот, а жалбата ја одбива како неумесна.

Актата се враќаат-итно-притвор.

2. Ноември 1920 година
Битола.

Претседател на Судот
Мил. М. Цемиќ

Судии:
Мил. Јовановиќ, с.р.
Вој. Н. Протиќ, с.р.

Дека овој препис е верен на својот оригинал што се наоѓа во актите на ова Началство под бр. 16613 за Окружното началство по својата официјална должност тврди,

Окружен началник,
П. Лукиќ, с.р.

Бр. 16613
12-XI-1920 г.
Битола

(Печат на Началството)

9

Пов. К. № 291
2-XI-1920.

ДО НАЧАЛНИКОТ НА ОКРУГОТ
НЕГОТИН

ДО НАЧАЛНИКОТ НА ОКРУГОТ
БИТОЛА

Шифра

Јавите ми за кое дело сте уапсиле еден тамошен комуниста.

Министер.

Шифровал и испратил,
(не се чита)

(Под овој текст приложена е една нотица-исечок со следнава содржина: — А.А.)

„СЛОБОДНИ" ИЗБОРИ

Битола. По еден говор на турски јазик, полицијата го уапсила другарот Булбуловиќ. Протестирајте.

Неготин. Окружниот началник насилно го апси секретарот на Организацијата, другарот Стојановиќ.

Да живеат слободните избори!

МИНИСТЕРСТВО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
КРАЛСТВО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ
КАБИНЕТ

Пов. К. Бр. 300
4-XI-1920 г.
Белград.

ДО НАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛСКИОТ ОКРУГ

Во врска со прашањето на овој Кабинет Пов. К. Бр. 291, испратите опширен извештај за апсењето на комунистот Булбуловиќ.

ИТНО Е

По наредба на министерот на внатрешните работи,

Шеф на Кабинетот,

Д. Крстиќ.

**10**

Комунисти (оваа забелешка е напишана на рака — А.А.)

СРПСКО КРАЛСТВО
НАЧАЛСТВО НА БИТОЛСКИОТ ОКРУГ

Пов. Бр. 2149
12-XI-1920 г.
БИТОЛА

ДО МИНИСТЕРСТВОТО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
(КАБИНЕТ)

Имам чест да му ги испратам на Министерството во оверен препис актите од истрагата по вината на Етем Булбуловиќ од Сараево, со молба на увид.

Началник на Округот,

Лукиќ

Се чека само уверење по кривич. форма на Етем да се спроведе на Суд.

Кралство на Србите, Хрватите и Словенците

КАБИНЕТ

Пов. К. Бр. 369
21 ноември 1920 г.
Во Белград

## IX

### 1

### ТЕЛЕГРАМА

К. № 1735
ДО НАЧАЛНИКОТ НА ОКРУГОТ
СКОПЈЕ

Денешните „Радничке новине“ донесоа дека народот од селото Сушица и од околината добегал во Скопје заради теророт од полицијата.

Веднаш да јавите по овој начин (телеграфски — А.А.), колку во тоа има вистина.

Министер,

Шифрирал и испратил-Илиќ.
16.XII.1920.
Шифра од Скопје

Пред. 17-XII-1920 г.
Прим.

### 2

ДО ГОСПОДИНОТ МИНИСТЕР НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
—КАБИНЕТ—
БЕЛГРАД

На 13 овој месец, комунистите со плакати објавија дека во Ѓаковица полицијата го убила во затворот Зеф Марко Љуш и уште двајца другари. Освен тоа, полицијата на Скопскиот округ, претепала комунисти. Претседателот на Скопската општина ми кажа приватно дека тепале некои селани. Плакатите ги забранив, но Судот забраната ја поништи. Летачкото одделение од дваесет жандари го предводи околискиот писар Барутлиќ. До сега ги обиколил општините: Сушичка, Катлановска, Градовска и Кожљанска. До сега се фатени троица скитници и троица воени бегалци со кои е постапено според Законот. Некој до сега од Сушица не се јавил со жалба ниту кај мене ниту кај околискиот началник дека е покраден и дека добегал во Скопје, ниту сме виделе некого од Сушица, освен поштарот којшто денеска ја донесе поштата како и обично. Веста во „Радничке Новине“ не е вистинита. Сепак ноќеска го испратив заменикот на околискиот началник во Општината и за дваесет и четири часа ќе имате апсолутно точен извештај.

Св. Д. Бр. 1735
Пов. бр. 1681.

Окружен началник,
Јов. Грубиќ

3

Шифра од Скопје.

Предадено 17
-XII-1920.
Примено 18

ДО МИНИСТЕРСТВОТО НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
КАБИНЕТ
БЕЛГРАД

Началникот на Скопска околија го извиде случајот во Сушица и јавува дека Судот во Општината сушичка го уверил дека ниту едно лице од 28 минатиот месец (ноември-денот на изборите — А.А.) до денеска не се никаде, па ниту во Скопје одселило, ниту го напуштило своето место на живеење и дека ниту еден жител од Општината сушичка не се пожалил на Судот (Општински — А.А.) на летачкото одделение кое во Сушица престојувало од 5 до 9. ов. м. Под летачко одделение се подразбира тука и писарот Барутлиќ, што тој го предводи. Ова е дополнение на мојот синоќашен извештај под. Пов. бр. 1681.
Пов. бр. 1686.

Окружен началник,
Јов. Грубиќ

4

Шифра од Скопје

Пред.
на 18-XII-1920.
Прим.

ДО ГОСПОДИНОТ МИНИСТЕР НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ
(—Лично—)
БЕЛГРАД

Во врска со извештајот Пов. Бр. 1681 и 1686 Ви јавувам, според Наредбата К. Бр. 1746, дека Летачкото одделение беше до сега во општините: Сушичка, Катлановска, Кожљанска, а сега се наоѓа во општината Градовска. Застапникот на околискиот началник за Скопска околија, писарот Драгачевац, сношти се врати од Сушица и констатирал дека ниту еден човек не избегал од таа општина. Јас потврдувам дека никој сеуште не ми се пожалил ниту писмено, ниту усмено на работата на Ле-

тачкото одделение. Тужби не постојат. Го испратив капетанот Николиќ, командир на жандармериската станица во Кожле да го извиди теророт. Завчера доаѓаше претседателот на Катлановската општина-комунист, и тој ништо не кажуваше. Таму г. Николиќ ќе извиди за што се работи всушност. До 20 о. м. ќе поднесам извештај. Сепак знам дека писарот Барутлиќ е во лично непријателство со Тодор Попандреевиќ, од Кожле, бивш егзархиски свештеник, од кого веројатно доаѓаат такви вести. Затоа го испратив поручникот Јанковиќ да ја командува четата, а писарот Барутлиќ го вратив дури сето ова не го извидам.

Пов. Бр. 1687.
Дешифр.18-XII-1920 г. И.

Началник на Округот,
Грубиќ

## 5

Пов. К. Бр. 471

Да се предадат демантирања во „Правда", „Демократ", „Самоуправа", „Трибуна" и во другите весници.

„Не се вистинити вестите во „Радничке новине" дека народот од селото Сушица и околината Скопска бега во Скопје од полицискиот терор".

18-XII-1920 г.

Шеф.
(Не се чита)

Демантирањето испратено телефонски.
Во акта. И.